**Триглав Осигурување АД, Скопје**
бул. 3-та Македонска Бригада бр. 36
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување живина

УС-жив-жив
16-1-мк

## член 1: предмет на осигурување

[1] Предмет на осигурување по овие Посебни услови може да бидат здрави грла кои се чуваат во посебни технолошки услови на одгледување, и тоа:
   1) пилиња за гоење (бројлери) на старост од 1 до 60 дена;
   2) подмладок за производство на приплодни и консумни јајца со старост од 1 ден до 6 месеци;
   3) приплодни петли и кокошки несилки за производство на јајца за репродукција (матично јато) и консумни јајца (производно јато) на старост од 5 до 12 месеци.

[2] Сите категории пердувести грла од претходниот став мора да потекнуваат од здравствено и производно проверена раса.

[3] Не се предмет на осигурување:
   1) болни грла или грла за кои постои сомнение за некоја заразна болест;
   2) закржлавени грла и грла во лоша кондиција;
   3) грла кои се чуваат во лоши зоохигиенски услови; и
   4) грла кои се одгледуваат на екстензивен начин.

[4] Осигуреникот е должен да ги осигури сите грла кои ги поседува, а кои ги исполнуваат условите за осигурување.

## член 2: опасности опфатени со ова осигурување и исклучоци

[1] Осигурувачот има обврска да надомести штета во случај на пцовисување поради болест и несреќен случај. Во несреќен случај покрај опасностите наведени во Општите услови за осигурување на животни, спаѓаат и загушување и труење со дим (чад) или плин.

[2] Со осигурувањето не се опфатени опасности настанати поради:
   1) земјотрес, нуклеарна експлозија и радиоактивна контаминација;
   2) недоволна и неисправна исхрана, како поради исхрана со неисправна – расипана храна која не е во согласност со прописите за производство и промет на сточна храна, по вина на осигуреникот;
   3) ненавремено лекување на болните грла или непридржување кон упатството добиено од ветеринарот;
   4) штети кои настануваат како последица од непридржување или неприменување на ветеринарни и санитарни мерки за спречување и сузбивање на заразни болести, предвидени со законски прописи, па и во случаи кога надлежен орган не издал наредба за присилно колење, односно отепување;
   5) заразни и паразитски болести кои се сузбиваат по сила на закон;
   6) неспроведување на утврден технолошки процес и нормативи за одредени линии на кокошки, пропишани превентивни мерки, како и непридржување кон зоохигиенски минимуми;
   7) селекција на кокошки или подмладок поради физичкиот изглед или неадекватен прираст кај таквите грла;
   8) колење на осигурените грла без вистинска потреба и причина согласно одредбите на овие Услови;
   9) бучава, свирење со автомобили и трактори, како и задушување предизвикано од разни надворешни фактори;
   10) транспорт на осигурените грла.

## член 3: сума на осигурување

[1] Кокошките се осигуруваат на вредност по грло која ќе ја одреди осигуреникот, а која не може да биде поголема од вистинската (пазарната) вредност во време на склучување на осигурувањето, односно:
   1) за матично и производно јато, вистинската вредноста е онаа која ја има животното во моментот на преминување од подмладок и се состои од кланична и приплодна вредност. Приплодната вредност се амортизира по месеци во текот на експлоатацијата, така што во последниот месец вредноста достигнува нула, односно вкупната вредност се сведува на кланичната вредност;
   2) за приплодниот подмладок е вредноста што ќе ја добие на крајот од фазата на одгледување;
   3) за пилиња во гоење (бројлери) вредноста која ќе ја имаат на крајот на гоењето.

[2] Сумата на осигурување за различни раси и линии на кокошки и пилиња кои се наоѓаат во ист објект, мора да биде еднаква.

## член 4: место на осигурување

[1] Осигурувањето на кокошките и пилињата важи за времето додека осигурените грла се наоѓаат во објектот кој е назначен во полисата како место на осигурување.

## член 5: обврски на осигуреникот

[1] Осигуреникот е должен објектите да ги полни со грла со иста старост, и до крајот на траењето на осигурувањето не смее да вселува нови грла. Во објектот, бројот на осигурените кокошки-пилиња може да се намалува при: пцовисување, колење, отепување поради болест или несреќен случај, селекција, продавање или преминување во друга категорија.

[2] Осигуреникот е должен да води шталски дневник кој мора да ги содржи следните податоци: датум кога е населен објектот, број на вселени грла, број на пцовисани грла по денови, причина за штетата, податоци за вакцинацијата и евентуални ветеринарни интервенции, дневните температури во објектот и друго.

[3] Секои 15 дена кај бројлерите и 30 дена кај осигурувањата на другите категории живина, осигуреникот и осигурувачот вршат заеднички преглед на осигурените грла, при што ги утврдуваат состојбата и мерките кои осигуреникот треба да ги спроведе, односно преземе.

[4] Осигуреникот е должен да преземе и спроведе превентивни мерки посебно против заразни и паразитски болести. За спроведување на сите ветеринарско-санитарни мерки, осигуреникот е должен да обезбеди постојана или повремена ветеринарна служба.

[5] Во случај на болест или несреќен случај осигуреникот е должен веднаш да повика ветеринарен доктор и да ги преземе сите мерки што ќе му бидат наложени и строго да се придржува кон неговите упатства.

[6] Ако во еден осигурен објект во текот на еден ден бројот на пцовисувањата биде поголем од 2% кај бројлерите, а кај другите категории 1%, осигуреникот е должен телефонски или на друг начин да го извести осигурувачот.

[7] Во месеците јуни, јули и август полнењето на објектот се врши

само до 80% од предвидениот капацитет, поради зголемената температура на надворешниот воздух. Во спротивно, осигурувачот нема обврска да надоместува штета за процентот што е утврден над нормалниот процент за населување.

[8] Издвојувањето на поединечни единки по пат на селекција се евидентира посебно, и за тој број на грла осигурувањето престанува, а осигурувачот нема обврска за нив да надоместува штета дури и ако настане штета и по нивното издвојување.

[9] Осигуреникот е должен да му овозможи на осигурувачот пристап во објектите и вршење увид во евиденцијата.

## член 6: утврдување и пресметка на штета

[1] Утврдување на штета врши осигурувачот со ветеринар, на местото каде што е настаната штетата, на лешевите од пцовисаните грла. Ако осигурувачот не може да присуствува при утврдувањето на штетата, неа ќе ја утврди ветеринарот кој ординира на тој реон или назначениот ветеринар на фармата, кој врши секцирање на лешевите и ја поставува дијагнозата.

[2] Осигурувачот е должен да исплати надомест од осигурувањето во висина на реалната вредност на пцовисаните грла, до договорената сума на осигурувањето. Реалната вредност на пцовисаните грла е:

1) за матично и производно јато, тоа е договорената кланична вредност зголемена за неамортизираниот дел од приплодната вредност;
2) за приплодниот подмладок и бројлерите, тоа е вредноста која се добива со собирање на почетната вредност на еднодневните пилиња и вложените трошоци: храна и енергијата до денот на настанување на штетата;
3) ако во текот на настанатата штета се утврди дека осигуреникот има поголем број на живина од бројот кој го осигурал, во тој случај отштетата ќе се пресмета во соодност меѓу бројот на осигурените грла и утврдениот број при штетата. Пропорцијата ќе се применува и во случај од член 5, став 7.

[3] Ако на денот на штетата се утврди дека грлата на осигуреникот биле осигурени на разни суми на осигурување, тогаш надоместокот ќе се пресмета врз основа на просечната сума на осигурување од сите категории на живина.

[4] Сите трошоци во врска со лекувањето на разболените грла и трошоците за превентива и слично, како и трошоците за секцирање, превоз на пцовисаните грла и обезбедување на потребните податоци (лабораториски наоди и експертиза), паѓаат на товар на осигуреникот.

## член 7: примена на општите услови за осигурување на животни

[1] За осигурувања склучени по овие Посебни услови се применуваат и одредбите од Општите услови за осигурување животни, ако не се во спротивност со нив.

[2] Овие Услови влегуваат во сила со денот на донесувањето.

[3] Со влегување во сила на овие Услови престануваат да важат Посебните услови за осигурување кокошки од 28.06.2002 година.